


Дали полека се ближи крајот на твоето студирање? Што доаѓа следно? Дали можеби имаш големи планови за почетокот на твојата кариера и понатамошен професионален развој, или пак сеуште не си сигурен/на што понатаму? Дали недостасува само еден чекор помеѓу студентскиот живот и вработување, помеѓу последниот испит и реални проекти, меѓу твојот универзитет и целиот свет?

**Дали си подготвен/а да направиш значаен чекор и да откриеш каде ќе те однесе твојата професионална патека? Искористи ја оваа уникатна можност и оди на професионална пракса во Германија.**

Во изминатите 21 години, ние подржуваме повеќе од 1000 студенти и дипломци на овој пат. Сите од нив поминаа од три до шест месеци во една од водечките германски компании, каде добија можност да го продлабочат знаењето стекнато за време на студиите, практично да го применат и да дознаат кој е вистинскиот кариерен пат за нив.

**Наредната генерација стипендисти ќе ги започнат своите пракси во Германија на 1ви Јули 2025 година.**

Аплицирај за стипендија на програмата за пракса на германското стопанство за земјите од Западен Балкан, и добиј одлична основа за твојата идна кариера!

**Кој може да аплицира?**

- Додипломци запишани во најмалку 5ти семестар за време на аплицирањето
- Студенти на магистерски студии
- Студенти на докторски студии
- Дипломци дипломирани по 1ви јануари 2023 год
- Не постари од 28 години
- Кандидати кои имаат добро познавање на англиски јазик[1]. Германски јазик не е задолжително, но секогаш е голем плус

[1] Не се потребни специфични јазични сертификати. За праксите од областа на корпоративно право и архитектура, предуслов е познавањето на германски јазик на ниво Б2.

Нудиме пракси во следниве области:

- деловна администрација, економија и право;
- финансии;
- електротехника;
- компјутерска и деловна информатика;
- машинско инженерство;
- индустриско инженерство и логистика;
- технологија, природни и еколошки науки;
- градежништво и архитектура;
- новинарство;
- земјоделство.

**Како да аплицираш?**

Можете да аплицирате на нашата онлајн апликација во периодот од 1ви Октомври 2024 година, до 15ти ноември 2024 година на веб страната:

**www.stipendienprogramm.org**

Повеќе информации за стипендиската програма и процесот на апликација можете на најдете на следниот линк.

**Кои се придобивките од Програмата?**

Освен финансиската поддршка која ја добивате, **преку програмата добивате и помош за сите административни чекори пред и за време на Вашиот престој во Германија.**

- Подготвителни состаноци во домашната земја.
- Финансиска подршка од страна на компанијата и месечна стипендија во висина од 400 евра од страна на федерлната влада.
- Помош при обезбедување на виза и работна дозвола.
- Помош при наоѓање на сместување за вашиот престој во Германија.
- Повратен авионски билет до Германија и назад.
- Воведна недела во Берлин (обезбедено сместување и превоз).
- Билети за воз од Берлин до градот во кој ќе одите на пракса.
- Покриено сместување, здравствено осигурување или плата од страна на компаниите.
- Midterm-состанок на генерацијата во германија (обезбедено сместување и патни трошоци).

Најголемиот бенефит од оваа програма е искуството кое ќе го понесете со Вас по праксата како и можноста да станете член на клубот на алумнисти по вашето враќање дома.

Нашиот Алумни клуб ви нуди можност да учествувате на конференции, работилници и семинари низ регионот на Западен Балкан. Од teambuilding активности, до професионално вмрежување со работодавачите во вашата земја, Алумни клубот е таму за да ви помогне да го проширите знаењето и да ги надградите вештините што сте ги стекнале за време на праксата, но воедно придноесува  и за градење мостови низ регионот, подобро меѓукултурно разбирање и зголемување на интелектуалниот капацитет. Со цел да ги видите нивните активности, проверете го блогот на нашата веб-страница. Овде можете да ги прочитате и приказните за стипендистите кои се во Германија токму во овој момент. Ако мислите дека ова е животна можност за развој која не смее да се пропушти, кликнете „Пријавете се“.




Праксата ми помогна да се развијам како на кариерно, така и на лично ниво, насочувајќи ги моите амбиции кон континуирано подобрување и раст. Патувањата низ Германија и дружбата со други стипендисти од програмата го збогати моето искуство и додаде нова димензија на мојот престој. Нетрпеливо чекам моето знаење и вештини да ги применам назад дома.

Давид Атанасовски, Oerlikon Digital Hub, Генерација 2024 година

Apply now!

Presentations of the Internship Programme of German Business

Instagram